Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20) и член 129[а] од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02), 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21 ) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Демир Хисар со број 17-1209/8 од 22.12.2021година, за Градоначалникот на Општина Демир Хисар го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За спроведување на Јавен увид

**на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана со намена Е1.13, за поставување на фото-напонски панели на земја на КП 1735/1, КП 1735/2, КП 1737 и КП 1738, КО Сопотница, Општина Демир Хисар**

Се организира јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана со намена Е1.13, за поставување на фото-напонски панели на земја на КП 1735/1, КП 1735/2, КП 1737 и КП 1738, КО Сопотница, Општина Демир Хисар, изработен од ДППТУ „ФОРМИ ДООЕЛ" Битола со техн.бр 11-11/11 од 03. 2022 година. Инвеститор на Урбанистичкиот проект е Друштво за Производство, Трговија и Услуги СХ ГАСПРОМЕТ ДОО Увоз-Извоз, Битола.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана зафаќа површина од 13641,52 м$^2$ или 1.36ха.

Предметниот проектен опфат ги зафаќа КП 1735/1, КП 1735/2, КП 1737 и КП 1738, КО Сопотница, Општина Демир Хисар.

Во границите на проектниот опфат планирано е оформување на една нова градежна парцела, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површините за градба, коппатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти.

Пристапот до локацијата за моторни возила, согласно специфичната конфигурација на теренот на проектниот опфат и неготото непосредно опкружување се планира преку пристапен пат од југозападната страна на проектниот опфат.

Јавниот увид ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Демир Хисар- www.demirhisar.gov.mk., во времетраење од 15 дена, почнувајќи од 06.10.2022 год. до 21.10.2022 година.

Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје дека во горе-наведениот рок може да достават забелешки, предлози, мислења на анкетни листови во општинската администрација.

Информации на тел. 047/ 552 661.

изработил: Катерина Огненовска
одобрил: Соња Наумовска

Бр. 11-1032/4
06.10.2022

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник
Никола Најдовски